Република Северна Македонија
Јавна установа ... центар за социјални работи
Бр. 04-1505/8
03-12 20 19 год.

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), директорот на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес, донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас бр.01/2019 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на работно место **број 02, Советник – Советник за јавни набавки во Оддел за административни и помошно технички работи, се избира кандидатот Тања Маневска.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 14.11.2019 година е објавен Интерен оглас број 01/2019 на веб страната на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Со Решение бр.04-1505/3 од 28.11.2019 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-1505/4 од 03.12.2019 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју за интерен оглас број 04-1505/5 од 03.12.2019 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати број 04-1505/7 од 03.12.2019 за работното место Советник – Советник за јавни набавки во Оддел за административни и помошно технички работи, директорот на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба преку Агенцијата за администрација до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

ДИРЕКТОР
Азиза Шини